ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите [redacted] претседател на советот, [redacted], членови на советот, во правната работа на тужителката«» [redacted] од«» Скопје против тужениот [redacted], за поништување на одлука, вредност на спорот 40.000,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужениот изјавена преку полномошник [redacted], адвокат од Скопје против пресудата на Основниот суд Скопје 2 Скопје «РО бр.1057/13» од 02.04.2014 година, на нејавната седница одржана на «22.04.2015» година, донесе

П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужениот изјавена преку полномошник [redacted], адвокат од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ПРЕСУДАТА на Основниот суд Скопје 2 Скопје «РО.бр.1057/13» од 02.04.2014 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје 2 Скопје со обжалената пресуда го усвоил прецизираното тужбено барање на тужителката [redacted] од Скопје. Го поништил како незаконито Решението за престанок на работниот однос број 4020/40 од 30.09.2013 година, донесено од работодавачот со кое на [redacted] и престанал работниот однос, заклучно со 30.09.2013 година. Го задолжил тужениот [redacted] да ја врати тужителката на работа на работно место што одговара на нејзината стручна подготовка, како и да и ги надомести трошоците по постапката во износ од 21.640,00 денари во рок од 8 дена од приемот на пресудата. Првостепениот суд констатирал повлекување на тужбата, односно тужбеното барање на тужителката во делот со кое барала да се задолжи тужениот да и ги исплати на тужителката заостанатите плати и придонеси, како и да и ги надомести на тужителката материјалните трошоци за лекување.

Против оваа пресуда навремена жалба вложи тужениот преку полномошник [redacted], адвокат од Скопје и тоа поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата да се укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење или пресудата да се преиначи во смисла на жалбените наводи.

Одговор на жалбата не е доставен.

Апелациониот суд Скопје по разгледувањето на жалбата, обжалената пресуда и списите во предметот, согласно чл.354 ст.1 од ЗПП, најде:

Жалбата е неоснована.

Неоснован е жалбениот навод кој укажува на сторени суштествени повреди на одредбите од чл.343 ст.2 т.13 од ЗПП, бидејќи обжалената пресуда е јасна, разбирлива и содржи доволно образложени причини за решителни факти од кои се раководел првостепениот суд при одлучувањето.

Неоснован е жалбениот навод за погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. Ова од причина што, по оценка на Апелациониот суд Скопје фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, истата содржи образложени причини за решителните факти од кои се раководел првостепениот суд и се темели на изведените и правилно ценети докази во текот на постапката, во смисла на одредбите од чл.7 и 8 од ЗПП, па како таква овој суд во целост ја прифаќа онака како што е утврдена во првостепената пресуда.

Во жалбата на тужениот се наведува дека при утврдувањето на фактичката состојба, првостепениот суд не го утврдил неспорниот факт дека тужениот немал сознанија за бременоста на тужителката во моментот на откажувањето на договорот за вработување, туку поклонил целосна верба на исказот на тужителката дека бременоста била причината поради која бил даден отказ на тужителката, како и тоа дека првостепениот суд не го утврдил и фактот дека тужителката откако дознала за својата бременост воопшто не дошла на работа, кој факт е битен, затоа што тужителката имала правен советник кој ја советувал дека не мора да оди на работа затоа што била бремена. По однос на вистинската причина за отказ на Договорот за вработување на тужителката и тужениот и вистинската причина за недоаѓање на работа на тужителката, истата може јасно и на недвосмислен начин да се утврди и од изјавата на тужителката на рочиштето за главна расправа во која тврди дека една недела не се јавила на работното место откако повторно била вклучена струјата во деловните простории кај тужениот. Првостепениот суд воопшто не ги ценел и не ги утврдил фактите дека откако тужениот бил известен за бременоста на тужителката од страна на Трудовата инспекција го усвоил приговорот и повторно ја вратил тужителката на работа, а таа и понатаму, иако уредно повикана, не се јавила на работа и дванаесет дена подоцна на 09.08.2013 година спротивно на прописите од Законот за работни односи, тужителката доставила боледување во времетраење од пет дена, иако нејзиното отсуство било подолго од 12 дена.

Овој суд ги ценеше жалбените наводи на тужениот, но за истите најде дека се неосновани. Ова од причина што, во конкретниот случај, неспорно е дека тужениот постапувајќи по решението на Државниот инспекторат на труд го поништил како незаконито решението бр.4020/35 од 03.07.2013 година, меѓутоа тужениот постапил спротивно на член 101 од ЗРО кога го донел оспореното решение број 4020/40 од 30.09.2013 година со кое на тужителката и престанал работниот однос кај тужениот согласно чл.82 од ЗРО, а поради тоа што тужителката во период на месец јули и август 2013 година не доаѓала на своето работно место, а од почетокот на месец септември 2013 година воопшто не се појавила на работа, а своето отсуство не го оправдала, ниту пак го најавила боледување со што го прекршила работниот ред и дисциплина и не ги исполнила работните задачи.

Според тоа, иако, тужениот знаел дека тужителката била бремена тужениот како работодавач не смеел да и го откаже договорот за вработување на тужителката како работникот за време на бременост, сепак тужениот и врачил отказ на договорот за вработување на тужителката кој во конкретниот случај е ништовен, односно не произведува правно дејствие од денот на неговото издавање кое нешто е во согласност со чл.101 од ЗРО.

Исто така, согласно чл.9-б од Закон за изменување и дополнување на ЗРО (Службен весник на РМ бр.13 од 21.01.2013 година) се предвидува заштита од дискриминација на работничка по основ на бременост, раѓање и родителство забранети се сите облици на дискриминација на работничка поради бременост, раѓање и родителство, без оглед на времетраењето и видот на работниот однос заснован согласно со закон. Забраната на дискриминација се однесува на пристапот до вработување, условите за работа и сите права од работен однос и откажувањето на договорот за вработување на работнички кои се наоѓаат во состојба на бременост или користат права кои произлегуваат од раѓање и родителство.

Во конкретниот случај, од доказите изведени во текот на постапката правилно првостепениот суд утврдил дека во услови кога тужителката била бремена, а за тоа бил запознаен тужениот, решението за престанок на работниот однос број 4020/40 од 30.09.2013 година е незаконито, па со тоа и правилно одлучил кога го усвоил тужбеното барање на тужителката како во изреката на пресудата.

Имајќи го предвид се погоре наведеното, согласно чл.357 од ЗПП, се одлучи како во изреката на оваа одлука.

Апелационен суд Скопје «РОЖ-780/14» од «22.04.2015» година.

Претседател на совет-судија
[redacted]